СМРТ НА ФАШИЗАМОТ – СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 33 Скопје, субота 6 ноември 1948 год. Год. IV

Ракописите се испрак'аат во дупликат на адреса. „Службен весник на НР Македонија“ Пошт. фах. 51: Скопје. Ракописите не се врак'аат. Телефон на редакцијата и администрацијата 696.

Овој број чини 4 динари. Претплатата за една година износи 250 динари за едно полугодие 125 динари. Чековна сметка при Народна банка на ФНРЈ. — Централа за НРМ — Скопје 8.905.812.

## 224

Врз основа чл. 73 т. 7 од Уставот на НРМ, а по предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија го издава следниот

### УКАЗ
### ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВЛАДАТА НА НРМ

I. Се разрешаваат од должност:
1. министерот на градежите, Страхил Гигов
2. претседателот на Планската комисија на НРМ, Киро Миљовски
3. министерот на трговијата Аспарух Каневче
4. министерот на шумарство Крсте Симовски
5. министерот на трудот Киро Петрушев
6. министерот без ресор Киро Хаџи Василев

II. Се назначуваат:
1. за претседател на Планска комисија на НРМ Страхил Гигов
2. за министер на трговија и снабдувањето Киро Миљовски
3. за министер на трудот Боге Кузмановски
4. за министер на градежите Живко Брајковски
5. за министер на шумарството Стоилко Ивановски
6. за министер-претседател на Комитетот на надворешна трговија Димче Зографски.

У бр. 8, Скопје, 26 октомври 1948 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Крсте Црвенковски, с. р.

Претседател, Б. Фотев, с. р.

## 225

Врз основа на чл. 3 од Уредбата на Владата ФНРЈ за купување земјоделски производи по сврзани цени од ситните земјоделски стопанства, а во претходно согласие на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ и на Претседателот на Привредниот совет на Владата на ФНРЈ, издавам следното

### РЕШЕНИЕ

За дополнение Решението бр. 4291 од 3 VI 1948 год. за определување на земјоделски производи кои ќе се откупуваат од ситните земјоделски стопанства на подрачјето на НР Македонија по сврзани цени и за сврзаните цени по кои истите ќе се откупуват

1.

Во точка 1 (од Решението бр. 4291 од 3 VI 1948 год. после 23) — се додава:

"24—анасон до дин. 22 за 1 кгр.

2.

Подточката 24 (станува подточка 25).

3.

Ова решение стапува во снага веднаш.

Број 15477 14 X 1948 год. Скопје

Министер за трговија и снабдување
А. Каневче с. р.

## 226

Врз основа чл. 4 точка 4 во врска со чл. 17 точка 3 од Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство во Народна Република Македонија во годините 1947—1951, го донесувам следното

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТВОРАЊЕ НА СЕДМОЛЕТКИ И ПРЕИМЕНУВАЊЕ НА ДОСЕГАШНИТЕ ВИШИ ОСНОВНИ ШКОЛИ ВО СЕДМОЛЕТКИ, I БР. 10352 ОД 22 СЕПТЕМВРИ 1948 ГОД.

1. Точка 1 став б) се дополнува така да по редниот број 61 се додава:

"62. с. Ѓорче Петров — Ѓорче — петровска околија“

2. Точка 1. став в) се изменува така да редниот број 62 станува реден број 63.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија“.

1 бр. 11645, 18 октоври 1948 год. Скопје

Министер за просвета,
Д. Мире, с. р.

## 227

Врз основа член 18 став 2 од Уредбата на Владата ФНРЈ за трошковите на државните трговски претпријатија ("Службен лист ФНРЈ“ бр. 45/48 год.), а во согласност со Претседателот на Планската комисија на НР Македонија и Министерот за трговија и снабдување на ФНРЈ донесувам

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНЕНИЕ РЕШЕНИЕТО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ НА НР МАКЕДОНИЈА ЗА РАБАТИ И МАРЖИ ЗА ПРОИЗВОДИ, ОДНОСНО ГРУПА ПРОИЗВОДИ ЗА КОИ ШТО СЕ ОДРЕДЕНИ ЕДИНСТВЕНИ ЦЕНИ СО ВАЖНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НР МАКЕДОНИЈА

1.

Точка 1 под I и II од Решението за рабати и маржи на Министерството за трговија и снабдување на НР Македонија ("Службен весник на НРМ“ бр. 26 од 7 IX 48 год.) се изменуваат и гласат:

| ПРОИЗВОД | РАБАТ % | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на големо | на мало | заеднички | дод. на п. д. | Вкупно |
| **I. ПРЕХРАНБЕНИ**<br>Нетипизирани брашнени кондитерски производи (бисквити, кекс, двопек, медењаци), пудинзи, преработки од јајца, суви смокви и останало суво овоштие; концентрати од овоштие; овошни сокови сирови) малинов и вишњев, сок засладен и останали овошни сирупи засладени) специјални дестилати и екстракти) коњак, рум, виски, пунч и џин), слатки дестилати) вишњевача, крушковача и останали слатки ракии); етри мирисави (есенции, ароми); ликери; нетипизирани слаткиши и бонбони; ванилин, шекер, натриум бикарбонат (бикарбона сода-пакована); мироѓии; сурогати на црн пипер; и пипер; синап), сенф, кавовина; цикорија сладна кафа, чај, мелен пипер, лупен ориз, алва, локум . . . . . | | | 8,7 | 1,3 | 10 |
| **II ТЕКСТИЛ**<br>Трикотажа: долни алишта (памучни, волнени и свилени),; платнени предмети за облечување; машки женски и детски чорапи; ракавици; шалови; беретки и сл. . . . . . . | 2 | 7 | | 1 | 10 |

2.

Ова решение стапува на снага веднаш.

Бр. 13.811, 15 IX 1948 година

Согласен
Потпретседател на Владата
Н. Минчев с. р.

Министер на трговија и снабдување
А. Каневче с. р.

## СЛУЖБЕНИ ИЗВЕСТИЈА

Одделењето за внатрешни работи при Градскиот извршни одбор Скопје, како надлежно за решавање по пријавата на Синдикалното спортско друштво "ТУТУНО—ИНДУСТРИЈАЛЕЦ" на основание чл. 1 точ 6. од Законот за измени и дополнувања и од Законот за удружења. соборите и другите јавни скупови, констатирајќи и дека се исполнети условите предвидени во чл. чл. 14,15 и 16 од Законот за удружењата, соборите е другите јавни скупови го донесува следното

### РЕШЕНИЕ

Се одобрава работата и постоењето на СИНДИКАЛНОТО СПОРТСКО ДРУШТВО ТУТУНО ИНДУСТРИЈАЛЕЦ со право на дејност на подрачјето на град Скопје.

Ова решение да се достави заедно со еден примерок од Правилата и програмата во оригинал на Благоја Трајковски, од гр. Скопје, настанот ул. 262 бр. 8 како на прв потписник на пријавата.

Решењето да биде еднократно објавено во "Службен весник на Н. Р. Македонија" за сметка на самото друштво.

Препис од ова решение да се достави на Министерството за внатрешни работи на Народна Република Македонија IV одделење за сведение.

Такса по Тар. бр. 7 од Законот за таксите во износ од 30-(триесет) динари е наплатена и поништена на оригиналот од решението.

Решено во Одделењето за внатрешни работи при Градскиот извршен одбор—Скопје под бр. 20610 48.

632 1—1

## СОДРЖИНА


Рег. бр. Стр.

224 Указ за реконструкција на Владата на НРМ 243

225 Решението за дополнение, Решението на Министерството на трговијата и снабдувањето на Народна Република Македонија бр. 4291 од од 3 VI 1948 год. за определување на земјоделски производи кои ќе се откупуваат од ситните земјоделски стопанства на подрачјето на НР Македонија по сврзаните цени и за сврзаните цени по кои истите ќе се откупуват 243

226 Решение за изменување и дополнување Решението за отварање седмолетки и преименување на досегашните виши основни школи во седмолетки, бр. 10352 од 22 IX 1948 год.

227 Решение за изменение Решението на Министерството за трговија и снабдување на НР Македонија за рабати и маржи за производи, односно група производи за кои што се одредени единствени цени со важност на територијата на НР Македонија 243

Службени известија 244


Издава и редактира: „Службен весник на НРМ" — новинско издателско претпријатие — Скопје ул. Маршал Тито бр. 10 — тел. 696. Пошт. фах. 51 — Одговорен уредник Љубомир В. Иванов — ул. 5 бр. 5 — Печат: Печ. „Гоце Делчев"—Скопје